**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Број 08-2276/1**
**Од 05.12.2022 година**
**Скопје**

**До**
**Членовите на Советот на**
**Општина Ѓорче Петров**

**Врз основа на член 39 и 48 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.3/19 и 5/21) и член 39 од Деловникот за работа на советот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.12/06), се донесува:**

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на Дваесет и втората седница на**
**советот на Општина Ѓорче Петров**

**Ја свикувам Дваесет и втората седница на советот на Општина Ѓорче Петров.**

**Седницата ќе се одржи на ден 12.12.2022 година (понеделник), со почеток во 14:30 часот, во салата за состаноци во Општина Ѓорче Петров.**

**За седницата го предлагам следниот:**

**Д н е в е н р е д:**

1. **Предлог Одлука за обезбедување на услови за одржливост и функционирање на Регионалниот центар за ресоцијализација на деца лекувани од канцер;**

2. **Предлог Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона Донации;**

3. **Предлог Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Општина Аеродром во делот на надлежностите на инспекцискиот надзор во животната средина.**

**Ве молиме за присуство на седницата, а во случај на спреченост известете на тел. 2039-307 или 2044-411, Одделение за Нормативa.**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**